Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 74, 15 февруари 2012 година

февруари 2012 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област економска геологија и лежишта на минерални суровини на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ................................ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област подготовка на минерални суровини на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..................................................26

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно - научната област експлоатација на слоевити лежишта и механика на карпи и тлото на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..................................................34

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за научната област експлоатација на неслоевити лежишта и длабинско дупчење на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..................................................52

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област хидрологија/хидрогеологија на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..................................................71

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област транспортни и извозни постројки на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..................................................83

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област минералогија на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..................................................92

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област хотелиерство на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..................................................105

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања во научната област генетика и селекција на растителното производство на Земјоделскиот факутет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..................................................116

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**РЕФЕРАТ** за збор на асистент за научната област микробиологија на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 129

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научна област клиничка психологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 134

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област методика на наставата по литература на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 139

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област органска хемиска технологија на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 144

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно научната област применета математика и математичко моделирање на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 149

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната областа деловно право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 156

**РЕЦЕНЗИЈА** на Германско-македонски и македонско-германски речник од доц. д-р Толе Белчев и доц. д-р Билјана Ивановска, Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 162

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за е-скрипта „Физичкото воспитание и образование кај деца од предучилишната и раната училишна возраст“ од авторот асистент д-р Билјана Попеска, Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 164

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Изработка на рударски простории“ од авторот асистент д-р Николинка Донева од Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 169

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 171

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕТОДИКА НА НАСТАВАТА ПО ЛИТЕРАТУРА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП**

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип на седницата одржана на 13.10.2011 год. донесе Одлука бр. 2402-118/73 од 13.10.2011 год. за формирање Рецензентска комисија во состав:
- проф. д-р Томислав Тодоровски, редовен професор,
- проф. д-р Благица Петковска, редовен професор,
- проф. д-р Виолета Тасевска, редовен професор.

На објавениот Конкурс во весникот *Дневник* на 24.9.2011 за избор на еден наставник во сите звања, од областа Методика на наставата по литература се пријавила кандидатката проф. д-р Виолета Димова, вонреден професор. Врз основа на поднесениот материјал, како и врз основа на познавањето на кандидатот, Рецензентската комисија го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **проф. д-р Виолета Димова** дипломира на Катедрата за македонска книжевност и јужнословенски книжевности (Историја на книжевностите на народите на СФРЈ) со македонски јазик, како втор главен предмет на Филолошкиот факултетот „Блаже Конески" - Скопје, во 1978 година. Од 1980 до 1987 година работи како професор по македонски јазик и литература во гимназијата „Јосип Броз Тито" во Скопје, а од 1987 ја продолжува својата наставна дејност како помлад асистент на Катедрата за македонска книжевност и јужнословенски книжевности на Филолошкиот факултет во Скопје. По магистрирањето, во 1993 година на тема „*Методиката на романот во средното училиште*", избрана е за асистент по предметот Методика на наставата по книжевност. Во февруари 2002 година докторира на тема „*Уметничкиот лик предмет на наставната интерпретација*" и е избрана за доцент по истиот предмет. Во мај 2007 година поминува во звањето вонреден професор по предметот Методика на наставата по книжевност, а во тоа време предава и Книжевност за деца, како и Светска книжевност. Од почетокот на своето вработување на Филолошкиот факултет, и како помлад асистент, асистент и доцент, па сè досега како вонреден професор, Виолета Димова покажува извонредна ангажираност и на полето на наставата и на полето на потесната, но и на пошироката научна област - филологијата со која се занимава за време на сиот свој досегашен професионален ангажман, за што доказ се нејзините објавени трудови, учества на бројни семинари и научни конференции, учества во проекти, изготвување на наставни програми за основното и средното образование, како и на студиските програми за додипломските и постдипломските студии на Филолошкиот факултет во Скопје. Од 2008 година преминува да работи на државниот Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како професор и декан на Филолошкиот факултет.

***Наставна дејност***

Проф. д-р Виолета Димова има извонредно богата и плодна наставна дејност: започнува како гимназиски професор во 1980 година, потоа како помлад асистент е примена на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје во 1987 година, каде што работи сè доноември 2008 година, како асистент, доцент и вонреден професор по предметите Методика на наставата по книжевност, Книжевност за деца и Светска книжевност. По доаѓањето

на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, д-р Виолета Димова ја продолжува својата наставна дејност по предметите коишто ги предавала и претходно, а истовремено ја извршува функцијата декан на Филолошкиот факултет. Во текот на 2010 година учествува во работата на еден мошне значаен проект во организација на Британскиот совет и ОБСЕ, односно Високиот комесаријат за национални малцинства на ОБСЕ и е еден од авторите на Прирачникот за наставата по немајчин јазик, кој излезе на македонски, албански, српски и турски јазик. Како член на проектот ТЕМПУС и како професор по методика, таа е еден од креаторите на програмата по македонски јазик за странци на Институтот за јазици, при Филолошкиот факултет во Штип, што е имплементација на предвидените задачи и обврски, предвидени со проектот. Таа, исто така, во рамките на ТЕМПУС-проектот е дел од тимот кој се залага за унапредување на техниките за изучување на македонскиот јазик за странци и за издигнување на местото, како и вградување на употребата на македонскиот јазик во рамките на европските јазици.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Проф. д-р Виолета Димова е извонредно активна како организатор и менаџер и во својата наставна дејност и сега, како декан на Филолошкиот факултет во Штип. Нејзиното искуство во наставата е огромно. Почнувајќи од 1980 година како млад гимназиски професор по македонски јазик и литература, таа е активен учесник во севкупниот воспитно-образовен курикулум и како член на стручните тела за подготовка на наставните програми по предметот Македонски јазик и литература и како раководител на културолошката струка. Потоа, уште како помлад асистент на Катедрата за македонска книжевност и јужнословенски книжевности објавува трудови во списанието *Литературен збор*, во чија редакција е од 2006 до 2010 година, *Просветен работник*, каде што е сега еден од стручните советници на списанието. Таа, исто така е член на меѓународната редакција на списанието „Методичка пракса – часопис за наставу и учење“, на кое издавачи се Учителскиот факултет во Врање и „Школска књига“ ДОО, Београд. Уште веднаш по магистрирањето и потоа, редовно учествува на Научната конференција, која има меѓународен статус, а е во рамките на Семинарот за македонски јазик, литература и култура или Летната школа за учење македонски јазик за странци. Нејзината потесна специјалност е методиката на наставата по книжевност, со која се занимава сиот свој досегашен работен век, а доказ за тоа е и нејзината магистерска теза и нејзината докторска дисертација, кои се први во оваа област, бидејќи се со чисто методички карактер. Нејзината книга *Литературното дело и реципиентот* е современ начин на поставување на прашањата и изнаоѓање одговор на истите – како да се конципира и како да се реализира наставата по литература, која ќе ги мотивира учениците и студентите за работа на часот, но и надвор од наставата. Во неа се евидентни искуствата на д-р Димова од учествата на бројни семинари поврзани со ЕКТС, со оценувањето и со примената на нови наставни методологии, а организирани од Бирото за развој на образованието и од УСАИД. Во текот на својата работа како професор по методика на наставата по книжевност и по предметот Книжевност за деца, д-р Димова е професор на постдипломските студии на Филолошкиот факултет во Скопје и ментор на магистерски и докторски дисертации. Како менаџер со визија, проф. д-р Виолета Димова го приклучува Филолошкиот факултет на Балканската асоцијација на педагошки и други сродни факултети, една година по нејзиното формирање, во 2010 година, таа како декан е член на Координативното тело на оваа асоцијација, која ги обединува сите овие факултети со цел унапредување на воспитно-образовниот процес од претшколска возраст до завршување на додипломските студии.

Проф. д-р Виолета Димова се јавува како коавтор на учебник по македонски јазик и литература за VI одделение, како учесник на бројни домашни и меѓународни конференции, но ние ќе се задржиме само на оние по последниот избор во вонреден професор во мај 2007 година.

***Учество на симпозиуми, конференции и семинари***

Д-р Виолета Димова учествува на бројни домашни и меѓународни конференции на кои ги презентира своите трудови, од кои посебно ги истакнуваме оние од меѓународен карактер,

а се поврзани пред сè со нејзиниот главен интерес на истражување – унапредувањето на наставната методологија во проучувањето на литературните дела, како и со компаративни литературно-теориски истражувања. Таа настапила со свои трудови на Балканскиот конгрес за образование во Стара Загора – Р. Бугарија, (2007), во Едрене – Р. Турција (2009), во Темишвар – Р. Романија (2009), во Краков – Полска (2009), потоа во Ниш – Р. Србија (2008). Во Белград на Меѓународната конференција ФИД (Филолошка истраживања данас) на конференцијата Македонско-хрватски културни, книжевни и јазични врски, во Риека, 2010 и др.

***Поважни трудови во последните неколку години (од 2007-тековно):***

А) Објавени трудови

1. Виолета, ДИМОВА: Феноменолошки пристап кон расказот „Љубов" од Блаже Конески, во „60 години Филолошки факултет, Јубилеен годишен зборник. – Скопје, 2007, кн. 32, стр. 81-89.
2. Violeta, DIMOVA: The esthetics of communication and the media in literature classes, во Зборник на трудови. – Стара Загора: 2007, том 2, стр. 196-199.
3. Виолета, ДИМОВА: „Александар и смртта" од Слободан Мицковиќ и „Друидот од Синдидун" од Владислав Бајац – меѓутекстовни релации, во Зборник реферата са међународне научне конференције. –Ниш: 2008, стр. 505-514.
4. Виолета, ДИМОВА: „Фрески и гротески" на Венко Андоновски од аспект на книгата „Ќе бидете како богови" од Ерих Фром, во Зборник од Меѓународната научна конференција при Семинарот за македонски јазик, литература и култура, Охрид, 2007. – Скопје: 2008.
5. Виолета, ДИМОВА: Современи концепти во наставата по македонски јазик и литература – *Литературата во „отворена" настава по македонски јазик и литература*, во *Литературен збор*, год. LV, бр. 4-6. – Скопје: 2008.
6. Violeta DIMOVA, Sevin ALIL: The Education function in the Literature for Children in the teaching – educational curriculum, во Зборник на трудови. – Едрене: 2009, том 2, стр. 155-156.
7. Biljana IVANOVSKA, Violeta DIMOVA: Similarities and Differences in the Meaning of Liguistic Units in Contenporay German and Macedonian, во: Language Education Todey – *Between Thery and Practice*, Cambridge Scholars, publshing, str. 78-85, 2010.
8. Violeta DIMOVA, Biljana IVANOVSKA: The Responsibility of The Teacher Teaching Medical Engish, во: Language Education Todey – *Between Thery and Practice*, Cambridge Scholars, publshing, str. 224-230, 2010.
9. Виолета, ДИМОВА: Естетиката на комуникацијата и медиумите во: Macedoṇski dyskurs niepodległościowy, historia kultura literature język media, Wydawnictwo Uniwersytetu Jagiellońskiego, Wydanie I, Krakow, 2011, стр. 99-105.
10. Виолета, ДИМОВА: Професорот Атанас Вангелов во наставата по литература – улога и значење во: Зборник од научниот собир посветен на проф. д-р Атанас Вангелов, Филолошки факултет „Блаже Конески", УКИМ, Скопје, 2010, стр. 293-295.
11. Violeta, DIMOVA, Natasa Sarafova: Education and Culture, во Social and Behavioral Sciences 15 (2011) 2357-2359, WCES-2011, ESELVIER Science Direct;
12. Natasa, M. SARAFOVA, Violeta, DIMOVA: Implemmentation of the programmes for learning Macedonian as foreign language at the Facuty of Philology, Stip – a step towards successful multiculturaleducation, во Social and Behavioral Sciences 15 (2011) 2377-2382, WCES-2011, ESELVIER Science Direct.
13. Виолета, ДИМОВА: Ерос и Танатос у роману *Нечиста крв* Борисава Станковића во Тематски зборник – „Нечиста крв Борисава Станковића сто година после (1910-2010), Учитељски факултет, Врање, Универзитет у Нишу, Врање, 2011, стр.177-183.
14. Violeta, Dimova, Mahmut Celik: The method of aesthetic communication, a basis for the communication: student – literay – techer, во: The VI International Balkan Kongress for Education and Sciens: THE MODERN SOCIETY AND EDUCATION, Faculty of Pedagogy "St. Kliment Ohridski", Skopje, 2011.

15. Група автори: Прирачник за наставата по немајчин јазик – за наставниците во основното, средното и високото образование (група автори), Британски совет, Скопје, 2011.

***Б) Трудови во печат (од учества на меѓународни коференции)***

1. Време и простор као физичке и метафизичке категорија у роману „Татарска пустиња“ Дина Буцатија, ФИД (Филолошка истраживања данас), Београд, 2010;
2. *Златоустиот* на Стјепан Томаш и *Папокот на светот* на Венко Андоновски, на Македонско-хрватски културни, книжевни и јазични врски, во Риека, 2010.

***Објавени книги:***

Виолета Димова: *Литературното дело и рецепиентот*, (Прилози за методиката на наставата по литература, Прилози од методиката на наставата по литература и од наставната практика), Скопје, „Македонска реч”, 2007.

Виолета Димова (коавтор) на Прирачникот за наставата по немајчин јазик за наставниците во основното, средното и високото образование, Британски совет, Скопје, 2011.

**Табела**
**за вреднување на активностите на д-р Виолета Димова, според критериумите дадени со Правилникот за избор на наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| **Вид на активност** | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна дејност (НО)** | | | |
| Рецензент на учебник, скрипта и сл. | 2 | 1 | 2 |
| Ментор на одбранет докторат | 2 | 6 | 12 |
| Ментор на одбранета магистерска работа | 3 | 3 | 9 |
| Член на комисија за одбрана на докторат | 3 | 2 | 6 |
| Член на комисија за одбрана на магистерска и специјалистичка работа | 3 | 1 | 3 |
| Предавања (2+2+2+2)+(2+2+2+2)+(2+2+2+2+2)+(1+1+2) x1,5+6=39 | 33+6 | 1,5 | 39 |
| Вежби (2+2+2+2)+(4+2+2+4+2)+(2+4+2+4)+(4+4+2) | 44 | 0,2 | 8,8 |
| Одржани предавања (или консултации) на постдипломски студии по одржан курс (6+6) | 12 | 3(2) | 36 |
| | | | **115,8** |
| **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности (НИ)** | | | |
| Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/ останати) | 1 | 4/2/1 | 1 |
| Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал | 1 | 1/2 | 1 |
| | | | **2** |
| **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност (САОР)** | | | |
| Книга | 2 | 10 | 20 |
| Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир (во земјата) – Труд 1,4,5,10, 14 и 15 | 6 | 2 | 12 |
| Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир (во странство) – Труд 2,3,6,7,8,9,11,12 и 13 | 9 | 3 | 27 |
| Учество на стручен собир со реферат (постер/усно) | 15 | 0,5/1 | 14,5 |
| Член на уредувачки одбор на стручно списание | 2 | 0,5/2 | 4 |
| Учесник во научен проект | 1 | 5 | 5 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Декан | 1 | 12 | 12 |
| Член на универзитетски или владини тела | 1 | 5 | 5 |
| Член на институтски орган, комисија | 1 | 2 | 2 |
| | | | **101,5** |
| **ВКУПНО ПОЕНИ (НО+НИ+САОР)** | | | **320,8** |

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кон богатата активност на проф. д-р Виолета Димова, на педагошко, научно-образовно и научно поле треба да додадеме дека таа се покажа и како добар организатор и менаџер. Како прв декан на Филолошкиот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на кој дошла во 2008 година, има огромна заслуга во поставувањето на неговите темели. Нејзината професионалност, стручност и посветеност на издигнувањето на квалитетот на академските студиски програми е уште една потврда за Рецензентската комисија дека д-р Виолета Димова сосема заслужено треба да биде избрана во највисокото академско звање.

Врз основа на гореизложеното, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип да го усвои предлогот на Рецензентската комисија и Предлог–одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат за вонреден професор д-р Виолета Димова **да се избере во звање редовен професор за наставно-научната област методика на наставата по литература на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Томислав Тодоровски, редовен професор, с.р.**
**Д-р Благица Петковска, редовен професор, с.р.**
**Д-р Виолета Тасевска, редовен професор, с.р.**